РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-53-2
29.07 2026 год

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Во врска со дописот кој беше доставен до Општина Свети Николе од КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ,

Ве известуваме дека по повод одбележување на петгодишнината од осветувањето на храмот "Света Лидија Македонка " во Свети Николе , кое се одбележува во текот на 2026 година , Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, во соработка со Брегалничката епархија на МПЦ -ОА и со благослов на Неговото Високопреосвештенство , Митриполитот Брегалнички г.Иларион ,објавува јавен повик за подготовка на **Зборник** посветен на ликот и делото на **Света Лидија Македонка**.

Зборникот треба да содржи трудови за улогата на жената во Православната Црква и ликот и делото на **Света Лидија Македонка** а право на учество имаат сите заинтересирани авторки , истражувачки , професорки и научни и културни работнички и други лица кои ќе придонесат кон содржината на Зборникот.

Трудовите да не бидат подолги од 7 страници ( А4 формат) , напишани на македонски јазик , во Word , фонт 12 и да се испраќаат во е-пошта ognen.kocevski@kovz.gov.mk.

Рокот на доставување на авторските трудови е 1 септември 2026 година.

Ви Благодариме,

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**Дејан Владев**